Врз основа на член 15 став (4) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25), министерката на образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за форма и содржина на годишниот извештај на понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат формата и содржината на годишниот извештај на понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните.

**Член 2**

Годишниот извештај на понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните (во натамошниот текст: годишниот извештај) се доставува во писмена или електронска форма, до крајот на февруари наредната година за претходната година, потпишан од управител/овластено лице на понудувачот на услуги.

**Член 3**

Годишниот извештај содржи:

1. Општи податоци за понудувачот на услуги:
   - назив и седиште на понудувачот и
   - контакт информации (телефон, електронска адреса, интернет страница).
2. Информации за реализација на програмите:
   - листа на реализирани програми за неформално образование на возрасните,
   - број на реализирани обуки за секоја посебна програма,
   - број на решение на посебната програма,
   - број на решение за акредитација на установа или институција и
   - број на учесници по програма, (учесниците да бидат поделени по пол, возраст и национална припадностна заедница)
3. Квалитативни информации:
   - опис на постигнатите цели и резултати и
   - оценка на успешноста на програмите (вклучувајќи повратни информации од учесниците)
4. Ресурси:
   - информации за наставниот кадар (број, квалификации и релевантно искуство).
5. Предизвици и препораки:
   - проблеми и потешкотии при реализација на обуките и
   - предлози за подобрување на програмите и услугите.
6. Финансиски информации:
   - основни финансиски податоци за реализација на програмите (средства од Буџет на државата, проекти, грантови или од сопствени средства на учесниците).
7. Додатоци:
   - прилози како што се анкети, извештаи од учесници и слично.

Годишниот извештај се пополнува на образец кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Во прилог на годишниот извештај понудувачот на услуги за неформално образование на возрасните доставува изјава со која ја потврдува точноста на информациите доставени во годишниот извештај.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.18-6717/1**
**8.05.2025 година**
**Скопје**

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска с.р.**